# Грешката

Ел Кенеди

САКАМ КНИГИ

# 1

## *Логан*

## *Април*

Одвратно е чувството да копнееш по девојката на најдобриот пријател.

Како прво, затоа што целата ситуација е многу непријатна. Ама навистина ебено непријатна. Не можам да зборувам во име на сите мажи, но речиси сум убеден дека ниту едно момче не сака да излезе од својата спална соба и да налета на девојката од неговите соништа откако таа штотуку ја поминала целата ноќ во прегратките на неговиот најдобар пријател.

Потоа, тука е и самопрезирот. Тоа е едноставно неизбежно, бидејќи некако е тешко да не се мразиш себеси кога фантазираш за љубената на твојот најдобар другар.

Во моментов, непријатноста дефинитивно победува. Видете, јас живеам во куќа со многу тенки ѕидови, што значи дека можам да го слушнам секое придушено стенкање што излегува од устата на Хана. Секој здив и воздишка. Секој удар на креветот од ѕидот додека некој друг ја плеска девојката за која не можам да престанам да размислувам.

Лудница.

Лежам на креветот и зјапам во таванот. Веќе не се ни преправам дека пребарувам низ мојата плејлиста на ајподот. Ги ставив слушалките со намера да ги придушам звуците на Гарет и Хана во другата соба, но сè уште не сум го притиснал копчето за да ја пуштам

музиката. Изгледа вечерва сум мазохистички расположен.

Да се разбереме, не сум идиот. *Знам* дека е вљубена во него. Забележувам како го гледа и какви се заедно. Во врска се веќе шест месеци, а ниту јас, најлошиот пријател на планетата, не можам да кажам дека не се совршени еден за друг.

И, да му се невиди, Гарет заслужува да биде среќен. Се однесува како да е надмен кучкин син, но вистината е дека е проклет светец. Најдобриот центарфор со кој некогаш сум лизгал и најдобрата личност што некогаш сум ја запознал. Доволно сум сигурен во својата хетеросексуалност што можам лесно да кажам дека ако „играв за другиот тим“ не само што би го ебел Гарет Греам туку и би се *оженил* со него.

Затоа ми е милијарда пати потешко. Не можам ни да го мразам фраерот што ја плеска девојката што ми се допаѓа. Воопшто не сонувам да му се одмаздам затоа што навистина не го мразам Гарет, ни најмалку.

Се отвора врата и во ходникот одекнуваат чекори, а јас му се молам на Бога Гарет или Хана да не ми тропнат на вратата. И да не прозборат, затоа што во моментов ептен ќе се вознемирам ако слушнам кој било од нивните гласови.

За среќа, гласното тропање што ми ја затресува рамката на вратата доаѓа од мојот друг цимер, Дин, кој влетува внатре без да дочека покана. „Забава во *Омега Фи* вечерва. Доаѓаш?“

Скокам од креветот побрзо отколку што човек може да изговори *баш си за жалење* затоа што забавата звучи како фантастична идеја во моментов. Пијанчењето сигурно ќе ме спречи да размислувам за Хана. Всушност, не – сакам да се испијанам и да изебам некого до бесвест. На тој начин, ако една од активностите не ми помогне во целта да не мислам на Хана, другата може да ми послужи како резервна варијанта.

„Уште прашуваш“, одговарам и веќе барам што да облечам.

Навлекувам чиста маичка игнорирајќи го пулсирањето во левата рака, која сè уште проклето ме боли од треснувањето во оградата на натпреварот во шампионатот минатата недела. Но ударот и тоа како вредеше – трета година по ред, хокејскиот тим на „Брајар" освои уште едно прво место на завршниот турнир Фроузен фор. Претпоставувам дека слободно можеме да го наречеме врвен хет-трик, а сите играчи, вклучително и јас, сè уште уживаме во бенефитите што сме трикратен национален шампион.

Дин, еден од моите соиграчи во одбраната, бенефитите ги нарекува трите П на победата: пијанчење, пофалби и пичиња.

Мошне соодветно, бидејќи јас ги добивам сите три работи после нашата голема победа.

„Ќе бидеш вечерва ти дежурен возач?" Прашувам додека облекувам црн дуксер врз маицата и го закопчувам патентот.

Другар ми фркнува. „Навистина ме прашуваш такво нешто?"

Превртувам со очите. „Точно. Што ли си мислев?"

Последен пат кога Дин Хејвард-Ди-Лорентис бил трезен на забава е *никогаш*.

Типот пие како смок или е надуван секогаш кога излегува од дома. А ако си мислите дека тоа лошо се одразува на неговата изведба на мразот на кој било начин, апсолутно сте во грешка.

Тој е од оние ретки суштества кои можат да се забавуваат како Роберт Дауни Џуниор на времето и некако сепак да бидат успешни и почитувани како Роберт Дауни Џуниор во денешно време.

„Не грижи се, Так нема да пие", ми вели тој, мислејќи на нашиот друг цимер, Такер. „Пичката сè уште е мамурен од минатата ноќ. Рече дека му треба пауза."

Да, не го обвинувам баш. Подготовките за новата сезона почнуваат дури за неколку недели, па сите малку премногу уживаме во слободното време. Но, тоа се случува кога си опиен од победата на Фроузен фор.

## *Грешката*

Минатата година бев пијан две недели по ред откако победивме.

Не се радувам на тренинзите надвор од сезоната. Тренинзите за сила и кондиција и сиот тој труд што треба да се вложи за да се одржиш во добра форма се исцрпувачки, но уште поисцрпувачки е кога во исто време работиш десетчасовни смени. Сепак, не е дека имам избор. Кондициските тренинзи се неопходна подготовка за претстојната сезона, а работата, па добро, му ветив на брат ми и, колку и да ми е одвратно, не можам да се откажам од тоа. Џеф ќе ме одере жив ако не го исполнам мојот дел од договорот.

Дежурниот возач нѐ чека на влезната врата кога јас и Дин слегуваме долу. Црвеникавокафеавата брада го проголтува целото лице на Такер, давајќи му изглед на врколак, но тој е решен да го испроба овој нов изглед уште откако една девојка, која ја запозна на забавата минатата недела, му кажа дека има бебешко лице.

„Знаеш дека таа брада како Јети не те прави да изгледаш помажествено, нели?“ весело му вели Дин додека излегуваме.

Так ги собира рамењата. „Всушност, сакав да изгледам грубо.“

Се смеам подбивно. „Па, ни во тоа не ти успеало, бебенце. Изгледаш како луд научник.“

Тој го покажува средниот прст додека се упатува кон возачката страна на мојот камионет. Се сместувам на совозачкото седиште додека Дин се качува на отворениот товарен дел велејќи дека сака да се надише свеж воздух. Но мислам дека само сака ветрот да му ја разбушави косата и да му направи фризура од која сите девојки полудуваат. Чисто за информација – Дин е одвратно суетен. Но изгледа како машки модел, па можеби му е дозволено да биде суетен.

Такер го пали моторот, а јас тапкам со прстите на бутовите, одвај чекам да тргнеме. Многу студенти од братствата и сестринствата ме нервираат со нивните елитистички ставови, но подготвен сум да го занемарам тоа затоа што... па, да беше правењето забави олимписка дисциплина секоја куќа во која

престојуваат братствата и сестринствата при „Брајар“ би освоила златен медал.

Додека Так тргнува наназад од приодот пред куќата, мојот поглед запира на црниот блескав џип на Гарет на паркинг просторот додека неговиот сопственик ја поминува ноќта со најкул девојката што постои на светот и...

И *доста*. Оваа опсесија со Хана Велс навистина почнува да ме побудалува.

Треба да легнам нешто. И тоа ПОД ИТНО.

Такер е особено молчалив за време на возењето до Омега Фи. Можно е и да е намуртен, но тешко е да се каже кога некој ги избричил сите влакна од телото на Хју Џекмен и ги залепил на лицето на Так.

„Што е со молчењево?“ безгрижно го прашувам.

Бегло ми фрла кисел поглед, а потоа го враќа на патот.

„Аман па и ти. Да не се лутиш што те зафркаваме за брадата?“ Се разлутувам. „Бидејќи тоа ти го пишува уште во првото поглавје од ‘Бради за почетници’, братче - ако пуштиш брада како планински човек, пријателите ќе те исмејуваат. Крај на поглавјето.“

„Не се работи за брадата“, промрморува тој.

Си го збрчкувам челото. „Добро. Но *си* изнервиран поради нешто.“ Кога тој не одговара, дополнително го притискам. „Што се случува со тебе?“

Неговиот изнервиран поглед се среќава со мојот. „Со мене? Ништо. Но со *тебе*? Толку многу што не знам ни од каде да почнам.“ Тивко пцуе. „Треба да престанеш со ова, човеку.“

Сега сум искрено збунет, бидејќи колку што знам, во изминативе десет минути само се радував што одам на забава.

Такер ја забележува збунетоста на моето лице и ми разјаснува со мрачен тон. „Со ова со Хана.“

Иако рамењата ми се вкочануваат, се трудам да го задржам лицето безизразно. „Немам поим за што зборуваш.“

Да, избрав да лажам. Што всушност не е ништо ново за мене. Се чини дека откако дојдов во „Брајар“ само тоа го правам.

*Иднината ми е во НХЛ. Сигурно ќе завршам во професионалните лиги!*

*Обожавам да го поминувам летото како мрсен мајмун во работилницата на татко ми. Добивам одличен џепарлак!*

*Не копнеам по Хана. Таа излегува со мојот најдобар пријател!*

Лаги, лаги и уште повеќе лаги, затоа што во секој од тие случаи, вистината е наполно понижувачка, а последното што сакам е пријателите и соиграчите да ме сожалуваат.

„Тие лаги на Гар да му ги кажуваш“, ми возвраќа Такер. „И, патем? Имаш среќа што е расеан затоа што е затрескан до уши, затоа што ако не беше, дефинитивно ќе забележеше како се однесуваш.“

„Да, а како тоа се однесувам?“ Не можам да ја запрам пискавоста во мојот глас ниту одбранбениот израз на лицето. Мразам што Так знае дека имам чувства за Хана. Уште повеќе мразам што конечно реши да го спомне тоа по сите овие месеци.

Зошто не може да ме остави на мир? Ситуацијата е веќе доволно ужасна без некој да ми вика.

„Сериозно? Сакаш да ти набројам? Добро.“ Темен облак му ги замрачува очите додека ја рецитира секоја ебена работа за која се чувствувам толку виновно. „Излегуваш од просторијата секогаш кога двајцата ќе влезат во неа. Се криеш во твојата соба кога таа останува на спиење. А кога *сте* во иста просторија, зјапаш во неа кога мислиш дека никој не те гледа. Ти...“

„Океј“, го прекинувам. „Сфатив.“

„И да не зборувам за твоето курвање“, негодува Такер. „Отсекогаш си бил играчиште, но другар, се сплетка со пет женски оваа недела.“

„Па?“

„Па, *четврток* е. Пет девојки за четири дена. Пресметај самиот, Џон.“

О, да му се плукнам. Ме нарече по името. Такер ме вика Џон само кога *навистина* сум го изнервирал.

Но сега и тој *мене* ме изнервира, па и јас го нарекувам по неговото име. „Што има тука лошо, *Џон*?"

Да, обајцата се викаме Џон. Претпоставувам дека треба да дадеме крвна заклетва и да формираме клуб или нешто слично.

„Имам дваесет и една година", продолжувам иритирано. „Дозволено ми е да го правам тоа. Не, грешка – *треба* да се сплеткувам, бидејќи тоа се прави на колеџ. Се забавуваш, се плескаш и уживаш во ебењето пред да излезеш во реалниот свет и животот да ти се претвори во срање."

„Навистина ќе се преправаш дека сите овие сплеткувања се само дел од факултетското искуство?" Такер одмавнува со главата, а потоа воздивнува и го омекнува тонот. „Не можеш со ебење да ја исфрлиш од мислите, човеку. Вечерва можеш да спиеш со сто жени, но тоа нема ништо да смени. Треба да прифатиш дека меѓу тебе и Хана никогаш нема да има ништо и да продолжиш понатаму."

Тој има право. Наполно сум свесен дека се самосожалувам и дека се плеткам со девојки само колку да си го одвлечам вниманието.

Исто така сум свесен дека треба да престанам да се забавувам до бесвест. Морам да престанам да се надевам дека нешто може да се случи меѓу нас двајца и едноставно да прифатам дека *нема*.

Но со тоа ќе почнам од утре.

Вечерва? Се држам до мојот првичен план. Ќе се испијанчам. Ќе легнам нешто. Гајле ми е за сè друго.

# Грејс

Мојата прва година на факултет ја започнав како девица.

Почнувам да мислам дека ќе останам девица до втора година.

Не дека има нешто лошо во тоа. Па што ако наскоро ќе наполнам деветнаесет години? Не сум стара мома и сигурно нема да ме каменуваат и камшикуваат на улица затоа што сè уште имам недопрен химен.

Освен тоа, не е дека годинава немав можност да ја изгубам невиноста. Откако дојдов на Универзитетот „Брајар“, мојата најдобра пријателка ме одвлечка на повеќе забави отколку што можам да избројам. И, да, момците флертуваа со мене. Неколку од нив директно се обидоа да ме заведат. Еден дури ми испрати слика од неговиот пенис со натпис: „Целиот е за тебе, душо.“ Што беше... добро, беше ептен одвратно, но сигурна сум дека ако навистина ми се *допаѓаше*, можеби ќе бев, хм, поласкана од гестот? Можеби?

Но ниеден од нив не ми се допадна. А, за жал, сите оние кои ми го привлекуваат вниманието воопшто не ме забележуваат дека постојам.

Сè до вечерва.

Кога Рамона ме извести дека ќе одиме на забава, немав големи надежи дека ќе запознаам некого. Ми се чини дека секојпат кога одиме на забави во Грчката алеја, момците од братствата се обидуваат со слаткоречивост да нè убедат да се сплеткаме со нив. Но, вечерва запознав момче кое можеби навистина ми се допаѓа.

Се вика Мет, сладок е и воопшто не делува како серко. Не само што е речиси трезен, туку се изразува

со целосни реченици, а откако почнавме да разговараме ниеднаш не го изговори зборот „братче“. Поточно, од кога *тој* почна да зборува. Јас не кажав многу, но сосем сум задоволна да стојам и да го слушам, бидејќи ми дава време да се восхитувам на неговата вајана вилица и на прекрасната руса коса која слатко му се витка зад ушите.

Искрено, веројатно е подобро да молчам. Слатките момци ме прават нервозна. Баш онака нервозна, со заматување на мислите и целосно исклучување на мозокот. Сите мои филтри се исклучуваат и одеднаш им раскажувам за оној пат кога се измочав во гаќи во трето одделение за време на екскурзија во фабриката за јаворов сируп, или дека се плашам од кукли и имам благ облик на опсесивно-компулсивно нарушување поради кое веројатно ќе им ја исчистам собата во моментот кога ќе ја свртат главата.

И, да, затоа е подобро само да се смешкам, да кимам со главата и повремено да го кажам она: „Леле, навистина ли?“ за да знаат дека не сум нема. Но понекогаш тоа не е возможно, особено кога слаткото момче ќе каже нешто што бара вистински одговор.

„Сакаш да излеземе надвор и да го испушиме ова?“ Мет вади џоинт од џебот на неговата јакна и го држи пред мене. „Би го запалил овде, но господинот Претседател ќе ме избрка од братството ако го направам тоа.“

Незгодно се префрлам од една нога на друга. „Ах... не, благодарам.“

„Не пушиш трева?“

„Не. Мислам, имам пробано, но не го правам тоа често. Ме тера да се чувствувам претерано... опуштено.“

Тој се насмевнува и на образите му се појавуваат две прекрасни дупчиња. „Тоа е и поентата на дувањето.“

„Да, веројатно имаш право. Но потоа се чувствувам навистина уморна. А, освен тоа, секојпат кога пушам трева се сеќавам на една пауерпоинт-презентација која татко ми ме принуди да ја гледам кога имав

тринаесет години. Со многубројни статистики за ефектите на тревата врз мозочните клетки и како, наспроти општото уверување, марихуаната всушност предизвикува голема зависност. И по секој слајд ме гледаше и ми велеше: *сакаш ли да ги изгубиш мозочните клетки, Грејс? Сакаш ли*?“

Мет зјапа во мене, а во главата слушам глас кој вика: *Престани!* Но предоцна е. Мојот внатрешен филтер уште еднаш ме изневери и зборовите не престануваат да ми излегуваат од уста.

„Но тоа не е ништо во споредба со она што го направи мајка ми. Таа се обидува да биде кул родител, па кога имав петнаесет години, ме одвезе на еден темен паркинг, извади џоинт и ми рече дека ќе го пушиме заедно. Беше како сцена од *Прислушкување* – чекај, ја немам гледано таа серија. Се работи за дрога, нели? Како и да е, цело време бев испаничена бидејќи бев убедена дека ќе нè уапсат, а мајка ми упорно ме прашуваше како се чувствувам и дали ‘уживам во ганџата’ или не.“

За чудо, моите усни конечно престануваат да се движат. Но погледот на Мет веќе е незаинтересиран.

„Ах, да, добро.“ Невешто мавта со џоинтот. „Одам да го испушам ова. Ќе се видиме подоцна.“

Го задржувам здивот додека не си замине, а потоа гласно и долго го издишувам удирајќи си замислена шлаканица. Проклетство. Не знам зошто воопшто се мачам да разговарам со момчиња. Секогаш сум напната бидејќи стравувам дека ќе се посрамотам, а потоа се посрамотувам затоа што сум толку напната. Проколната од самиот почеток.

Уште еднаш гласно воздивнувам, па слегувам по скалите за да ја најдам Рамона. Кујната е полна со буриња и момчиња од братството, а и во трпезаријата е истата ситуација. Дневната соба е преполна со многу гласни, многу пијани момци и море од скудно облечени девојки. Им се восхитувам на храброста, бидејќи надвор е камен ладно, а влезната врата се отвора и затвора цела ноќ, па низ куќата непрестајно кружи студен воздух. А мене, мене ми е супер и топло, затоа што носам тесни фармерки и припиен џемпер.

Не ја гледам мојата пријателка никаде. Додека од звучниците се разлева гласна хип-хоп музика, го вадам телефонот од чантата за да проверам колку е часот и откривам дека е речиси полноќ. Дури и по осум месеци во „Брајар“, сè уште чувствувам мал восхит секојпат кога ќе останам надвор по единаесет часот – бидејќи тоа беше мојот „полициски час“ кога живеев дома. Татко ми строго се придржуваше до полицискиот час. Всушност, тој за сè строго се придржуваше. Се сомневам дека некогаш во животот прекршил некое правило, што ме тера да се запрашам како тој и мајка ми успеале толку долго да издржат во брак.

Мојата слободоумна мајка е дијаметрална спротивност на мојот стегнат, строг татко, но веројатно тоа само докажува дека има некаква вистина во теоријата дека *спротивностите се привлекуваат*.

„Грејси!“ Женски глас крикнува погласно од музиката и во следниот миг се појавува Рамона која ме прегрнува во цврста прегратка.

Кога се повлекува, погледнувам во нејзините сјајни очи и зацрвенети образи и веднаш ми е јасно дека е пијана. Таа е исто толку скудно облечена колку и повеќето девојки во просторијата. Кусото здолниште одвај ѝ го покрива горниот дел од бутовите, а црвената маичка открива длабоко деколте. Потпетиците на нејзините кожни чизми се толку високи што немам претстава како може да оди во нив. Таа, сепак, изгледа прекрасно и привлекува еден тон машки погледи додека ја вовлекува раката под мојот лакт.

Речиси сум сигурна дека кога луѓето нè гледаат како стоиме заедно се чешаат по главата и се прашуваат како воопшто сме пријателки. Понекогаш и јас се прашувам истото.

Во средно училиште, Рамона беше забавната бељаџика која пушеше цигари зад зградата, а јас бев добрата девојка која го уредуваше училишниот весник и ги организираше сите хуманитарни настани. Да не бевме сосетки, веројатно немаше да знаеме дека другата постои, но одејќи заедно до училиште секој ден развивме пријателски однос од практични причини, кој

подоцна се претвори во вистинска блискост. Станавме толку блиски што аплициравме на исти факултети, а кога и двете нè примија во „Брајар“, го замоливме татко ми да зборува со канцеларијата за домување и да договори да бидеме цимерки.

Но, иако нашето пријателство на почетокот од првата година на факултет беше мошне цврсто, морам да признаам дека со текот на времето малку се оддалечивме. Рамона е наполно опседната да се сплеткува со момци и да биде популарна. Само за тоа зборува, а во последно време тоа почна да ме... нервира.

Срање. Од самата *помисла* се чувствувам како ужасна пријателка.

„Те видов како отиде горе со Мет!“ ми шепнува во увото. „Се сплеткавте?“

„Не“, велам тажно. „Мислам дека го исплашив.“

„О не. Му кажа за твојата фобија од марионети, нели?“ ме прашува и театрално воздивнува. „Срцка, мора да престанеш да го откриваш целото твое лудило на самиот почеток. Сериозно. Зачувај го за подоцна, кога ќе бидеш во врска со момчето и ќе му биде потешко да побегне.“

Не можам да не се насмеам. „Благодарам за советот.“

„Па, подготвена си да си одиме или сакаш да останеме уште малку?“

Повторно фрлам поглед низ просторијата. Погледот ми слетува на две девојки во фармерки и градници кои во аголот од собата се бакнуваат додека еден од момците од Омега Фи ја снима страсната претстава со својот ајфон.

Глетката ме тера да издишам гласно. Се обложувам во десет долари дека видеото ќе се појави на некој од оние бесплатни порно сајтови. А кутрите девојки веројатно ќе дознаат дури по многу години, кога една од нив ќе се омажи за сенатор и новинарите ќе ги ископаат сите нејзини засрамувачки моменти.

„Не би имала ништо против да си одиме сега“, признавам.

„Да, и мене ми одговара.“

Ги кревам веѓите. „Од кога тебе ти одговара да си заминеш од забава пред полноќ?“

Намуртено ги испакнува усните. „Немам причина да останам. Некоја успеала да ме претрка.“

Не се мачам да прашам за кого зборува, бидејќи од почетокот на семестарот зборува за него.

Дин Хејвард-Ди Лорентис.

Рамона е опседната со прекрасниот студент од трета година уште откако налета на него во едно од кафулињата во кампусот. Онака сериозно опседната. Ме влечкаше на речиси сите домашни натпревари на хокејскиот тим само за да го гледа Дин во акција. Морам да признаам, типот е ептен згоден. Но е, исто така, голем женкар според озборувањата, но на нејзина жалост тој не излегува со бруцошки. Ниту спие со нив, што и онака е сѐ што таа навистина сака од него. Рамона никогаш не излегувала со некого повеќе од една недела.

Единствената причина зошто воопшто сакаше да дојдеме на оваа забава вечерва беше затоа што слушнала дека и Дин ќе биде тука. Но очигледно типот строго се држи до правилото да ги избегнува бруцошките. Колку пати и да му се пушташе Рамона, тој на крајот секогаш заминуваше со друга.

„Само да одам до тоалет“, ѝ велам. „Се чекаме надвор?“

„Океј, но биди брза. Му реков на Џаспер дека си одиме и нѐ чека во кола.“ Јурнува кон влезната врата, а јас морам да признаам дека ме здоболи овој нејзин потег.

Баш убаво што ме праша дали сакам да си одиме откако веќе ја донела одлуката и во мое име.

Сепак ја проголтувам горчината, потсетувајќи се дека Рамона отсекогаш го правела тоа и дека тоа никогаш порано не ми пречело. Искрено, да не донесуваше таа одлуки и да не ме принудуваше да излезам од мојата удобна зона, веројатно цело средно ќе го поминев

уредувајќи го весникот и пишувајќи ја колумната каде на други им делев совети за животот кои самата ги немав искусено.

Сепак... понекогаш посакувам Рамона барем да ме *праша* што мислам за нешто пред да одлучи дека треба да го направиме тоа.

Пред тоалетот на долниот кат има долга редица, па се туркам низ толпата и се упатувам на катот, каде што пред малку разговаравме со Мет. Само што се приближувам до тоалетот кога вратата се отвора и излегува убава русокоса.

Се штрекнува кога ме забележува, а потоа ми упатува надмена насмевка додека си го мести долниот дел од фустанот кој може да се опише само со еден збор – *невкусен*. Боже, толку ѝ е кус што можам да ѝ го видам меѓуножјето во розови гаќички.

Ми се вжештуваат образите и од срам го тргам погледот. Чекам да стигне до скалите, па дури тогаш посегнувам по кваката. Само што ја подадов раката, вратата *повторно* се отвора и некој друг излегува од тоалетот.

Погледот ми запира на најживописните сини очи што некогаш сум ги видела. Потребна ми е само секунда за да ги препознаам, а потоа лицето уште повеќе ми пламнува.

Тоа е Џон Логан.

Да, Џон Логан. Односно, ѕвездата на одбраната на хокејскиот тим. А тоа го знам не само затоа што Рамона со месеци го демне неговиот пријател Дин, туку затоа што неговото преубаво, заводливо лице минатата недела беше на насловната страница на студентскиот весник. Од освојувањето на шампионатот, весникот објави долгометражни интервјуа со сите играчи и нема да лажам – интервјуто на Логан беше единственото на кое му обрнав внимание.

Затоа што типот е неискажливо згоден.

Исто како русокосата и тој изгледа изненадено кога ме здогледува во ходникот, а и нему, како и нејзе, брзо му поминува изненадувањето и ми се насмевнува.

Потоа ги закопчува панталоните.

*О, Боже.*

Не можам да поверувам дека штотуку го направи тоа. Мојот поглед ненамерно се спушта кон неговите препони, но ми се чини дека ниту тоа не му пречи. Ја крева веѓата, слегнува со рамењата и си заминува.

Леле. Добро.

Требаше да ми се згади од таквото однесување. Дури и ако го занемарам сосем очигледниот секс во бањата. Самото повлекување на патентот требаше да го смести директно во корпата со кретени.

Наместо тоа, знаејќи дека тој штотуку се спლеткал со таа девојка во бањата ми предизвикува наплив на љубомора што не го очекувам.

Не велам дека јас би сакала да имам секс во бањата со тип што не го познавам, но...

Добро, лажам. *И тоа како* го посакувам тоа. Односно, посакувам да го направам тоа со Џон Логан. Од помислата на неговите раце и усни насекаде по моето тело ме лазат врели морници по грбот.

Зошто јас *не можам* да се сплеткувам со момци во бањи? Па на факултет сум, по ѓаволите. Би требало да се забавувам, да правам грешки и да се „пронаоѓам себеси“, но годинава немам направено ништо од тоа. Го доживувам посредно преку Рамона, гледајќи како мојата палава најдобра пријателка ризикува и пробува нови работи, додека јас, послушната девојка, стојам на страна и слепо се држам до претпазливиот пристап кон животот што татко ми ми го всадил уште додека бев во пелени.

Па, се изморив да бидам претпазлива. И ми здодеа да бидам добра девојка. Се ближи крајот на семестарот. Морам да учам за два испита и да напишам труд по психологија, но кој вели дека не можам истовремено и малку да се забавувам?

Уште само неколку недели ќе бидам бруцошка. И знаете што? Планирам добро да ги искористам.